*Службен весник на Република Северна Македонија број 203/2022 од 19.09.2022 година

# ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 7 став (1) и член 8 став (2) од Законот за рестриктивни мерки („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 190/17), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 13 септември 2022 година, донесе

# ОДЛУКА
# ЗА ВОВЕДУВАЊЕ НА ФИНАНСИСКИ МЕРКИ ПРОТИВ ТЕРОРИЗАМ И ШИРЕЊЕ (РАСПРОСТРАНУВАЊЕ) НА ОРУЖЈЕ ЗА МАСОВНО УНИШТУВАЊЕ И НИВНО ФИНАНСИРАЊЕ

## Член 1

Со оваа одлука се воведуваат рестриктивни финансиски мерки против тероризам и ширење (распространување) на оружје за масовно уништување и нивно финансирање кон лица за кои постојат основани сомненија дека се вклучени во активности на тероризам и негово финансирање (учество во странска војска, полиција, паравоени и параполициски единици).

## Член 2

Оваа одлука се однесува на рестриктивни финансиски мерки, согласно член 5 став (1) точка 4 од Законот за рестриктивни мерки кои се однесуваат на забрана за користење, пренос, конверзија, трансфер или друг вид на располагање со имот, забрана на ставање на располагање на било каков имот, директно или индиректно, како и забрана за воспоставување или продолжување на деловен однос.

## Член 3

Се определуваат Министерството за внатрешни работи, Министерството за финансии - Управа за финансиско разузнавање, Министерството за финансии - Царинска управа, Министерството за економија, Министерството за транспорт и врски, Министерството за одбрана и Народната банка на Република Северна Македонија, за надлежни органи за спроведување на рестриктивните мерки од член 2 од оваа одлука.

## Член 4

Листата на лица на кои се однесуваат рестриктивните финансиски мерки од оваа одлука е дадена во прилог и е составен дел на оваа одлука.

## Член 5

Рестриктивните мерки од член 2 од оваа одлука се воведуваат на неопределено време.

## Член 6

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 41-6610/1
13 септември 2022 година
Скопје

Прв заменик на претседателот
на Владата на Република
Северна Македонија,
д-р **Artan Grubi,** с.р.

**ПРИЛОГ**

**ЛИСТА НА ЛИЦА НА КОИ СЕ ОДНЕСУВААТ РЕСТРИКТИВНИТЕ ФИНАНСИСКИ МЕРКИ**

1. Рустеми т. Рафиз Фадиљ (поранешно, Исени Фадиљ), роден на 01.07.1972 година во Скопје, со пријавена адреса на живеење на ул. „Алија Авдовиќ“ бр. 28/17, ЕМБГ: 0107972450048, поседува патна исправа со број Н0180464, Наредба за истрага Ко. бр. 162/15 од 06.08.2015 година, со која му се ставаат на товар кривичните дела: Учество во странска војска, полиција, паравоени или параполициски формации по чл. 322-а ст. 2 од Кривичниот законик, Учество во странска војска, полиција, паравоени или параполициски формации по чл. 322-а ст. 3 од Кривичниот законик и Учество во странска војска, полиција, паравоени или параполициски формации по чл. 322-а ст. 4 од Кривичниот законик, Наредба за прекин на истражна постапка Ко. бр. 162/15 од 30.12.2015 година, централна и меѓународна потерница од 30.12.2015 година:
- Во временски период од септември 2014 година до средината на 2015 година, така што обезбедувал финансиски средства за лица кои заминуваат или се присутни во Сирија со цел учество во паравоените формации во оваа земја;
- Во временски период од септември 2014 година до средината на 2015 година, го поттикнал лицето Љамалари Аднан заедно со семејствата да заминат во Сирија за спротивно на закон да учествуваат во паравоените формации во таа земја;
- Во временски период од септември 2014 година до средината на 2015 година, спротивно на закон активно учествувал во паравоени формации надвор од територијата на Р.Македонија, на територија на Сирија, како член на ИСИС.

2. Љатифи т. Сали Азем, роден на 26.07.1990 година во Скопје, со пријавена адреса на живеење на ул. „Серава“ бр. 131, ЕМБГ: 2607990450071, поседува патна исправа со број Н0279171, Наредба за истрага Ко. бр. 162/15 од 06.08.2015 година, со која му се ставаат на товар кривичните дела: Учество во странска војска, полиција, паравоени или параполициски формации по чл. 322-а ст. 2 од Кривичниот законик и Учество во странска војска, полиција, паравоени или параполициски формации по чл. 322-а ст. 6 од Кривичниот законик, Наредба за прекин на истражна постапка Ко. бр. 162/15 од 30.12.2015 година, централна и меѓународна потерница од 30.12.2015 година:
- Во временски период од септември 2014 година до средината на 2015 година, така што обезбедувал финансиски средства за лица кои заминуваат или се присутни во Сирија со цел учество во паравоените формации во оваа земја;
- Во временски период од септември 2014 година до средината на 2015 година, презел дејствија со намера да го сокрие извршителот на делото од Учество во странска војска, полиција, паравоени или параполициски формации по чл. 322-а ст. 1 од Кривичниот законик.

3. Исмаили т. Бедри Амир, роден на 26.02.1990 година во Скопје, со пријавена адреса на живеење на ул. 378 бр. 4а во Скопје, ЕМБГ: 2602990450029, поседува патна исправа со број Н0226361, Наредба за истрага Ко. бр. 162/15 од 06.08.2015 година, со која му се ставаат на товар кривичните дела: Учество во странска војска, полиција, паравоени или параполициски формации по чл. 322-а ст. 2 од Кривичниот законик и Учество во странска војска, полиција, паравоени или параполициски формации по чл. 322-а ст. 3 од Кривичниот законик, Наредба за прекин на истражна постапка Ко. бр. 162/15 од 30.12.2015 година, централна и меѓународна потерница од 30.12.2015 година:

- Во временски период од септември 2014 година до средината на 2015 година, спротивно на закон активно учествувал во паравоени формации надвор од територијата на Р.Македонија, на територија на Сирија, како член на ИСИС.

4. Рамадани т. Рамадан Орхан, роден на 06.02.1991 година во Скопје, со пријавена адреса на живеење на ул. 2 бр. 12 во с. Кондово, Скопје, ЕМБГ: 0602991450084, поседува патна исправа со број H0214027, Наредба за истрага Ко. бр. 162/15 од 06.08.2015 година, со која му се ставаат на товар кривичните дела: Учество во странска војска, полиција, паравоени или параполициски формации по чл. 322-а ст. 3 од Кривичниот законик и Учество во странска војска, полиција, паравоени или параполициски формации по чл. 322-а ст. 4 од Кривичниот законик, Наредба за прекин на истражна постапка Ко. бр. 162/15 од 30.12.2015 година, централна и меѓународна потерница од 30.12.2015 година:
- Во временски период од септември 2014 година до средината на 2015 година, спротивно на закон активно учествувал во паравоени формации надвор од територијата на Р.Македонија, на територија на Сирија, како член на ИСИС;
- Во почетокот на месец јуни 2015 година на социјалните мрежи и електронските медиуми, преку поставениот документарен филм насловен како „Честа е во џихадот, порака до балканците" објавен на страната www Al Hayat Media Center поттикнувал други лица за учество во паравоените формации.

5. Дерала т. Хашим Орхан, роден на 24.10.1986 година во Гостивар, со пријавена адреса на живеење на ул. „Младен Симоновски" бр. 15, Гостивар, ЕМБГ: 2410986473026, со патна исправа B0233032, Наредба за истрага Ко. бр. 162/15 од 06.08.2015 година, со која му се ставаат на товар кривичните дела: Учество во странска војска, полиција, паравоени или параполициски формации по чл. 322-а ст. 3 од Кривичниот законик и Учество во странска војска, полиција, паравоени или параполициски формации по чл. 322-а ст. 4 од Кривичниот законик, Наредба за прекин на истражна постапка Ко. бр. 162/15 од 30.12.2015 година, централна и меѓународна потерница од 30.12.2015 година:
- Во временски период од септември 2014 година до средината на 2015 година, спротивно на закон активно учествувал во паравоени формации надвор од територијата на Р. Македонија, на територија на Сирија, како член на ИСИС;
- Во временски период од септември 2014 година до средината на 2015 година, го поттикнал лицето Дерала Албин да замине во Сирија за спротивно на закон да учествува во паравоените формации во таа земја;
- Во почетокот на месец јуни 2015 година на социјалните мрежи и електронските медиуми, преку поставениот документарен филм насловен како „Честа е во џихадот, порака до балканците" објавен на страната www Al Hayat Media Center поттикнувал други лица за учество во паравоените формации.

6. Рамадани т. Беќир Фитим, роден на 18.09.1991 година во Куманово, со пријавена адреса на живеење во с. Черкези бб, Куманово, ЕМБГ: 1809991420034, поседува патна исправа со број G0247652, Наредба за истрага Ко. бр. 162/15 од 06.08.2015 година, со која му се ставаат на товар кривичните дела: Учество во странска војска, полиција, паравоени или параполициски формации по чл. 322-а ст. 3 од Кривичниот законик и Учество во странска војска, полиција, паравоени или параполициски формации по чл. 322-а ст. 4 од Кривичниот законик, Наредба за прекин на истражна постапка Ко. бр. 162/15 од 30.12.2015 година, централна и меѓународна потерница од 30.12.2015 година:
- на 17.08.2013 година со автобуски превоз на ГП „Табановце" ја напуштил територијата на Република Македонија, за да замине во Сирија, каде што спротивно на закон учествувал во паравоените формации во таа држава, по што кон средината на месец септември 2014 година на социјалните мрежи објавил слики со кои на јавноста и ставил на располагање порака дека е дел од паравоента формација „Исламска држава" која делува на територијата на Сирија и Ирак и во почетокот на месец јуни 2015 година на социјалните мрежи и електронските медиуми, преку поставениот документарен филм насловен како „Честа е во џихадот, порака до балканците" објавен на страната www Al Hayat Media Center потикнувал други лица за учество во паравоените формации.

7. Шаќири т. Сервет Бесим, роден на 14.09.1994 година во Скопје, со пријавена адреса на живеење на ул. 20 бр. 11, Сарај, Скопје, ЕМБГ: 1409994450025, Наредба за истрага Ко. бр. 162/15 од 06.08.2015 година, со која му се ставаат на товар кривичните дела: Учество во странска војска, полиција, паравоени или параполициски формации по чл. 322-а ст. 3 од Кривичниот законик, Наредба за прекин на истражна постапка Ко. бр. 162/15 од 30.12.2015 година, централна и меѓународна потерница од 30.12.2015 година:
- на 19.01.2015 година на ГП „Долно Блаце" пешки ја напуштил територијата на Република Македонија за да замине во Сирија, каде што спротивно на закон учествувал во паравоените формации, како член на ИСИС.

8. Жупани т. Али Садула, роден на 15.09.1965 година во Гостивар, со пријавена адреса на живеење на ул. „Питарница 1" бр. 2, ЕМБГ: 1509965473002, број на ПИ А0150121, Наредба за истрага Ко. бр. 162/15 од 06.08.2015 година, со која му се ставаат на товар кривичните дела: Учество во странска војска, полиција, паравоени или параполициски формации по чл. 322-а ст. 3 од Кривичниот законик и Учество во странска војска, полиција, паравоени или параполициски формации по чл. 322-а ст. 4 од Кривичниот законик, Наредба за прекин на истражна постапка Ко. бр. 162/15 од 30.12.2015 година, централна и меѓународна потерница од 30.12.2015 година:
- на 31.12.2013 година на ГП „,Деве Баир" ја напуштил територијата на Република Македонија, каде што спротивно на закон учествувал во паравоените формации, како член на ИСИС, по што кон средината на месец септември 2014 година спротивно на закон на социјалните мрежи објавил слики со кои на јавноста  ставил на располагање порака дека е дел од паравоента формација ,,Исламска држава,, која делува на територијата на Сирија и Ирак.

9. Авмедоски т. Рамадан Елмир, роден на 28.10.1983 година во Струга, со пријавена адреса на живеење во с. Подгорци бб, Струга, ЕМБГ: 2810983434028, број на ПИ В0655448, Наредба за истрага Ко. бр. 162/15 од 06.08.2015 година, со која му се ставаат на товар кривичните дела: Учество во странска војска, полиција, паравоени или параполициски формации по чл. 322-а ст. 3 од Кривичниот законик и Учество во странска војска, полиција, паравоени или параполициски формации по чл. 322-а ст. 4 од Кривичниот законик, Наредба за прекин на истражна постапка Ко. бр. 162/15 од 30.12.2015 година, централна и меѓународна потерница од 30.12.2015 година:
- на 25.10.2013 година со автобуски превоз на ГП „Богородица" ја напуштил територијата на Р. Македонија, за да спротивно на закон учествува во паравоената формација „Исламска држава" која делува на територија на Сирија и Ирак, а во средината на месец септември 2014 година преку социјалните мрежи ставил слики преку кои на јавноста и ставил на располагање порака дека е дел од оваа паравоена формација.

10. Исени т. Неџмедин Емир, роден на 07.04.1995 година во Скопје, со пријавена адреса на живеење на ул. „Архиепископ Доситеј" бр. 35-1/18, Скопје, ЕМБГ: 0704995450108, Наредба за истрага Ко. бр. 162/15 од 06.08.2015 година, со која му се ставаат на товар кривичните дела: Учество во странска војска, полиција, паравоени или параполициски формации по чл. 322-а ст. 3 од Кривичниот законик и Учество во странска војска, полиција, паравоени или параполициски формации по чл. 322-а ст. 4 од Кривичниот законик, Наредба за прекин на истражна постапка Ко. бр. 162/15 од 30.12.2015 година, централна и меѓународна потерница од 30.12.2015 година:
- на 21.02.2015 година, на ГП „Александар Велики" ја напуштил територијата на Република Македонија и спротивно на закон учествувал во паравоените формации во Сирија, а на 25.05.2015 година на социјалните мрежи објавил слики со кои на јавноста и ставил на располагање порака дека заедно е дел од паравоените формации во оваа земја.

11. Исмаили т. Екрем Јетмир, роден на 19.05.1994 година во Скопје, со пријавена адреса на живеење на ул. „378" бр. 4а во Скопје, ЕМБГ: 1905994450022, поседува патна исправа со број Н0086839, Наредба за истрага Ко. бр. 162/15 од 06.08.2015 година, со која му се ставаат на товар кривичните дела: Учество во странска војска, полиција, паравоени или параполициски формации по чл. 322-а ст. 3 од Кривичниот законик и Учество во странска војска, полиција, паравоени или параполициски формации по чл. 322-а ст. 4 од Кривичниот законик, Наредба за прекин на истражна постапка Ко. бр. 162/15 од 30.12.2015 година, централна и меѓународна потерница од 30.12.2015 година:
- на 12.12.2014 година со авионски превоз преку ГП „Александар Велики" ја напуштил Република Македонија, од каде што преку Р. Турција, заминал во Сирија и спротивно на закон учествувал

како дел од паравоена формација „ИСИС“;
- на социјалните мрежи објавил слики со кои на јавноста и ставил на располагање порака дека е дел од паравоените формации.

12. Камбери т. Тефик Адем, роден на 25.07.1992 година во Скопје, со пријавена адреса на живеење на ул. Дижонска бр. 21/15, Скопје, ЕМБГ: 2507992450139, поседува патна исправа со број Н0158665, Наредба за истрага Ко. бр. 162/15 од 06.08.2015 година, со која му се става на товар кривичното дело Учество во странска војска, полиција, паравоени или параполициски формации по чл. 322-а ст. 3 од Кривичниот законик, Наредба за прекин на истражна постапка Ко. бр. 162/15 од 30.12.2015 година, централна и меѓународна потерница од 30.12.2015 година:
- 28.01.2015 година со автобуски превоз на ГП „Богородица“ ја напуштил Република Македонија за да замине во Сирија, каде што спротивно на закон учествувал како дел од паравоена формација „ИСИС“ во таа земја.

13. Аметов т. Бајрам Нусрет, роден на 08.04.1996 година во Скопје, со пријавена адреса на живеење на ул. „14“ бр. 6, Петровец, Скопје, ЕМБГ: 0804996450114, Наредба за истрага Ко. бр. 162/15 од 06.08.2015 година, со која му се става на товар кривичното дело Учество во странска војска, полиција, паравоени или параполициски формации по чл. 322-а ст. 3 од Кривичниот законик, Наредба за прекин на истражна постапка Ко. бр. 162/15 од 30.12.2015 година, централна и меѓународна потерница од 30.12.2015 година:
- на 14.02.2015 година со автобуски превоз остварил излез на ГП „Богородица“ за да замине во Сирија, каде што спротивно на закон учествувал во паравоените формации „ИСИС“ во таа земја.

14. Беља т. Муса Абдурахман, роден на 02.07.1996 година во Скопје, со пријавена адреса на живеење на ул. „7-ма Албанска Бригада“ бр. 17, Скопје, ЕМБГ: 0207996450027, поседува патна исправа со број Н0042309, Наредба за истрага Ко. бр. 162/15 од 06.08.2015 година, со која му се става на товар кривичното дело Учество во странска војска, полиција, паравоени или параполициски формации по чл. 322-а ст. 3 од Кривичниот законик, Наредба за прекин на истражна постапка Ко. бр. 162/15 од 30.12.2015 година, централна и меѓународна потерница од 30.12.2015 година:
- Во временски период од септември 2014 година до средината на 2015 година, спротивно на закон активно учествувал во паравоени формации надвор од територијата на Р.Македонија, на територија на Сирија, како член на ИСИС.

15. Сулејман т. Шабан Идризи, роден на 15.12.1989 година во Куманово, со пријавена адреса на живеење на ул. „Владимир Назор“ бр. 14, Куманово, ЕМБГ: 1512989420059, поседува патна исправа со број Н0114815, Наредба за истрага Ко. бр. 18/16 од 09.07.2016 година, со која му се става на товар кривичното дело Терористичка организација по чл. 394-а ст. 2 од Кривичниот законик, централна и меѓународна потерница од 28.09.2016 година, Наредба за прекин на истрага Ко. бр. 18/16 од 03.03.2022 година:
- На 12.11.2013 година остварил излез на ГП „Долно Блаце“ за да замине во Сирија, каде што спротивно на закон учествувал во паравоените формации „ИСИС“ во таа земја.